ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

1. Прашање:

Со оглед на тоа што се наоѓаме во предизборен период, дали смееме да правиме измена и дополнување на планот за јавни набавки?

Одговор:

Спроведувањето на постапките за јавни набавки во периодот по распишување на избори не е регулирано со Законот за јавните набавки. Имено, во овој период договорните органи треба да ги почитуваат одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Оттука, Бирото е на мислење дека договорните органи можат да спроведуваат постапки за јавни набавки кои се предвидени во Годишниот план за јавни набавки, додека за измени на планот треба да се земат предвид одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

За дополнителни прашање поврзани со постапување за време на изборен процес, Ве упатуваме да се обратите до Државната комисија за спречување на корупцијата.

КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ

2. Прашање:

Спроведена е поедноставена отворена постапка за набавка на градежни работи, без спроведување на е-аукција. Критериум за избор на најповолна понуда е цената. Понудувачот кој има доставено понуда со најниска цена, за поставените услови за техничката и професионална способност (референтната листа, дел од опремата и бараните лица за извршување на договорот) користи способност од други субјекти, односно доставува склучен договор со подизведувач. Дали може да се ангажира подизведувач за исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката и професионална способност?

Одговор:

Економскиот оператор согласно член 96 став (1) од законот, може во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив.

Доколку, вашето прашање е дали подизведувачот може да претставува и субјект чија способност економскиот оператор ќе ја користи, одговорот е дека може.

Воедно, треба да се внимава и на барањата и ограничувањата утврдени со членот 118 од законот. Според, ставот (1) од член 118, понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач.

Иако, законот процентуално не го определува делот од договорот за јавна набавка кој понудувачот може да го додели на подизведувач, од начинот на кој е нормирана самата одредба произлегува дека понудувачот може само одреден дел од договорот да даде на подизведувач (а не цел договор).

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

3. Прашање :

Договорниот орган спроведува постапка за набавка на стоки каде што критериумот за избор на најповолна понуда, е најдобар однос помеѓу цената и квалитетот. Квалитетот го дефинира како најбрзо време на испорака и никаде нема наведено дека бара нови и нерепарирани стоки. Дополнително, во постапката нема барање за минимален гарантен рок кој економскиот оператор треба да го понуди. Дали економскиот оператор смее да понуди репарирани/реобновени стоки?

Одговор:

Согласно член 82 став (1) од Законот за јавните набавки, предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган.

Согласно член 82 став (1) од Законот, договорниот орган може да го додели договорот за јавна набавка врз основа на економски најповолната понуда која ќе се утврди како најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.

Согласно член 105 став (1) од Законот, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Имајќи го предвид горенаведеното, понудувачот треба да ја изготви понудата во согласност со барањата, условите, критериумите и другите информации кои се наведени во тендерската документација.

Законот не го уредува прашањето за набавка на репарирани производи и за ова прашање одлучува договорниот орган самостојно. Притоа, доколку договорниот орган не планира и не прифаќа репарирани производи, истото јасно го наведува во тендерската документација.

Доколку имате дилема во однос на содржината на тендерската документација, согласно член 81 од Законот, можете до договорниот орган да поставите прашање или барање за појаснување или измена во тендерската документација.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

4. Прашање:

По оглас за надзор поднесена е жалба до ДКЖЈН. Рокот на валидност на понудите е истечен и договорниот орган бара да се продолжи важноста на понудата. Дали економскиот оператор во овој случај е обврзан да ја продолжи валидноста на понудата и ако не ја продолжи важноста на понудата - дали ќе има некакви последици за економскиот оператор?

Одговор:

Понудата согласно член 105 став (2) од законот, е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.

Период на важност на понудата е период во кој понудувачот целосно е обврзан за сите услови што ги дал во понудата (цена, рок на испорака, гарантен рок и др.), и како таков е многу важен за успешно спроведување на постапката.

При тоа, договорниот орган е тој што го дефинира минималниот рок за важност на понудите во тендерската документација. Општо правило е дека овој рок треба да биде доволно долг за да може договорниот орган да ги разгледа и евалуира поднесените понуди, по што донесува одлука за избор на најповолна понуда и го склучува договорот.

Согласно ставот (3) од наведениот член, договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

Имено, во пракса може да дојде до непредвидено одолжување на постапката поради жалба, чекање на одговор од други надлежни органи и слично. Сè до истекот на рокот на важност на понудите, договорниот орган може да побара од економските оператори да го продолжат периодот на важност на понудата до одреден датум. Економските оператори можат ваквото барање да го одбијат, без при тоа да им се активира постојната гаранција на понудата. Економскиот оператор кој ќе се согласи да го продолжи рокот на важност на понудата, и за тоа ќе го извести договорниот орган, го продолжува рокот на важност на понудата и рокот на важност на банкарската гаранција на понудата (доколку се барала). Притоа, продолжувањето на рокот на важност на понудата не значи и промена на нејзината содржина. Тоа не е дозволено.

5. Прашање:

Во предметната постапка за јавна набавка, која е поделена на три лота, поднесена е заедничка понуда од група на економски оператори. Според барањата, потребно е да се достават минимум пет (5) извршени договори. Во конкретниот случај, носителот има доставено четири (4) договори, а членот на групата два (2) договори, при што носителот ќе ги изведува лот 1 и лот 2, а членот на групата ќе го изведува лот 3.

-Дали бројот на договори (минимум 5) треба да го исполнува секој член од групата одделно или условот може да се исполнува заеднички од целата група, со собирање на договорите од сите членови?

-Во случај условот да се смета заеднички исполнет, дали е дозволено дел од работите да ги изведува член на групата кој самостојно не го исполнува условот во поглед на минималниот број договори?

Одговор:

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став 2 од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата.

Составен дел на групна понуда согласно со член 106 став 5 од законот, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на

обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Овие податоци се законскиот минимум кој треба да биде содржан во договорот за групна понуда. Воедно, алинејата 5 од став (5) на член 106, дава можност од страна на договорниот орган да бидат побарани и други елементи.

Во случај на група економски оператори сите членови поединечно треба да докажат дека не постојат причини за нивно исклучување од постапката, како и способноста за вршење на професионална дејност додека заедно го докажуваат исполнувањето на критериумите за утврдување способност што се барале во постапката.

Во случај на група економски оператори сите членови заедно (не поединечно) треба да ги исполнат минималните барани услови со кои ќе се потврди дека економските оператори ја имаат потребната економска и финансиска состојба и техничката или професионалната способност за извршување на договорот.

Договорниот орган согласно ставот (3) од горенаведениот член, во тендерската документација може да појасни како групите економски оператори ќе ги исполнат условите за утврдување на економската и финансиската состојба или техничката и професионалната способност, доколку е тоа сразмерно и оправдано од објективни причини.

Вообичаено, економските оператори се групираат поради тоа што самите не се во можност да ги исполнат минималните барања во поглед на економската и финансиската состојба и техничката и професионалната способност. Од друга страна, законот му дава можност на договорниот орган да појасни како групите економски оператори ќе ги исполнат условите за утврдување на економската и финансиската состојба или техничката и професионалната способност. Притоа, мора да внимава тие да бидат сразмерни и оправдани од објективни причини. Значи договорниот орган кај поедини специфични набавки може да предвиди, како условите да бидат исполнети кај групите на понудувачи, кој понудувач што да исполнува, дали носителот на групата задолжително треба да исполнува некои услови и сл.

Следствено на изнесеното, во зависност од начинот на кој ви се поставени условите во тендерската документација, комисијата ќе треба да ја изврши евалуацијата на понудата.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

6. Прашање:

Спроведена е поедноставена отворена постапка за набавка на електронски систем за наплата на паркинг услуги односно за софтвер за зонско паркирање, која е во фаза на евалуација и донесување одлука за избор. Изборот на најповолна понуда воедно значи дека ќе треба да се префрлиме од еден на друг оператор, односно да се имплементира софтвер за прв пат кај нас.

Дали може да се побара презентација на понудениот софтвер (заради специфичност на понудата, а и да не настане прекин во услугата за зонско паркирање), во оваа фаза, која не е предвидена во тендерската документација. И дали може да се прифатат како доказ за исполнување на бараната техничка и професионална способност активните договори доставени од подизведувачот кои се однесуваат на друг софтвер а не на понудениот?

Одговор:

Тендерската документација треба да ги содржи сите неопходни информации во врска со начинот на спроведување на постапката, барањата, условите, критериумите и други потребни податоци со цел да им овозможи на економските оператори квалитетно и навремено да ги изготват и поднесат своите понуди. Дополнително, во истата треба да бидат наведени и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган.

Имајќи го предвид изнесеново, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација, а врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

Воедно, дополнително закажување на презентација на понудениот софтвер и тоа само од оној понудувач чија понуда е извесно дека би била најповолна би значело повреда на начелото на еднаков третман на економските оператори.

7. Прашање:

Дали во отворена постапка, поради зголемување на конкурентноста можат да се земат во предвид извршените договори во последните седум години?

Одговор:

При утврдување на минималните услови преку кои договорниот орган ќе се увери дека економските оператори ги имаат потребните технички и професионални ресурси за квалитетно извршување на договорот, истиот согласност член 95 став (8) под а) и б), може во постапката за јавна набавка, да бара економскиот оператор техничката и професионалната способност да ја докаже и со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација.

Доколку, станува збор за набавка на работи, техничката и професионалната способност економските оператори може да ја докажат со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно,

да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација.

При тоа, наведениве одредби не се нормирани на начин да го определат временскиот период од до, како на пр., „.... пред повеќе од три години но да не надмине пет години“. Што е логично од причина што овој период треба да се определи во зависност од предметот на набавка и во согласност со основните начела на јавните набавки, односно сразмерно на предметот на набавка, неговата специфичност и сложеност.

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

8. Прашање:

Во кои случаеви можеме да користиме договори со сукцесивна испорака, а кога рамковна спогодба со поединечни договори со сукцесивна испорака?

Одговор:

Договорниот орган, согласно со член 81 став (1) од законот, е должен да ја изготви тендерска документација и во истата да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во однос на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка, едната можност е договорниот орган да ја наведе планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, додека другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Ова значи во првиот случај, дека предвидените количини, договорниот орган нема обврска целосно да ги искористи доколку за тоа нема потреба, со што во пракса дел од предвидените количини можат да останат нереализирани, додека при определување на максималните или минимални количини, договорниот орган има обврска да ги набави во целост.

Сепак, во случај кога постои неизвесност околу потребните количини или временскиот период во кој ќе бидат потребни, се препорачува склучување на рамковна спогодба. Рамковната спогодба е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини.

Имено, рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, услуга или работа. Спогодбата не создава обврска за договорниот орган да бара конкретна стока, работа или услуга да се испорача, изврши, односно изведе. Спогодбата се подразбира единствено како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за испорака, извршување или изведување на одредена количина од она што е предмет на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.

Оттука, рамковната спогодба договорните органи може да ја изберат за специфични предмети на набавка, како на пр., набавка на секојдневни услуги или стоки за широка потрошувачка, поправки или работи за одржување, кога треба да се доделат неколку идентични договори во

рок од една година, а рамковната спогодба би овозможила намалување на трошоците за набавка.

Но, во секој случај договорниот орган на економските оператори би требало да им даде одредени индиции за потребните количини и обемот на набавката (проценетата вредност која е наведена во одлуката) за да не се предизвикаат проблеми во работењето на економскиот оператор, кој ќе биде избран како најповолен понудувач.

Рамковната спогодба се користи до достигнување на вкупниот износ на одлуката или до временското истекување на истата согласно со условите од тендерската документација. Но, доколку договорниот орган ги определил максималните количини во рамковната спогодба, нема да може истите да ги надмине.

Имајќи предвид дека во тендерската документација треба да се дадат информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка или модел на договор, во предвид треба да се имаат и одредбите од законот што ги уредува облигационите односи.

Врз основа на горенаведеното, договорниот орган во зависност од предметот на набавка и потребите од испорака (време и место) во договор за јавна набавка или рамковна спогодба го дефинира начинот на испорака.

9. Прашање:

Во техничката спецификација која е дел од тендерската документација предвидена ни е динамика на испорака по недели. Поради изјавена жалба од страна на понудувач како и временскиот период на мирување на постапката до носење на Решение од страна на ДКЖЈН, пропуштен е временски период од околу 2 месеци. Поради тоа динамиката од техничката спецификација не може да се реализира, односно доколку би склучиле Договор нема да може да се реализира во целост согласно динамиката од техничката спецификација, (по динамиката пропуштени се 2 месеци од реализација на договорот). Дали може да го склучиме договорот и истиот да се извршува?

Одговор:

Планирањето на јавните набавки е од исклучително значење, како за правилна примена на законот, така и за навремено задоволување на потребите на договорните органи во текот на годината кои што се неопходни за непречено извршување на надлежностите. Планирањето како функција договорниот орган треба постојано да ја унапредува и усовршува преку согледување на недостатоците и слабостите.

Подготовката на јасна тендерска документација со јасно дефинирана потреба и предмет на набавка во техничките спецификации, како и временската рамка на реализација на предметот на набавка е особено важно за успешна постапка за јавна набавка.

При планирањето и спроведувањето на постапките, односно во секоја фаза од постапките за јавни набавки, договорните органи се должни да се придржуваат до основните начела, и тоа: економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори и сразмерност.

Согласно член 117 став (1) и (3) од Законот за јавни набавки, договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Оттука, во зависност од времетраењето на склучениот договор (кое би требало да е предвидено во договорот намалено за периодот на чекање на одлуката на ДКЖЈН), во договорот кој ќе се склучи ќе треба соодветно да се прилагоди динамиката на испорака на предметот на набавка.

ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

10. Прашање:

- Дали при реализација на договор за јавна набавка на работи, при појава на дополнителни и непредвидени работи треба да се објави Известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор, а согласно член 119 став 3 од ЗЈН, после секоја направена Измена на договорот за истите и

- Дали и за направените вишоци е потребно да се објави Известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор, а согласно член 119 став 3 од ЗЈН, после секоја направена Измена на договорот за истите. Напоменуваме дека доколку оваа објава Договорниот орган ја направи во рок од 10 дена, нема да има реална слика за вредноста на измените, поради тоа што истите сеуште нема да бидат пребиени со кусоците.

- Дали примената на член 119 од Законот и известувањето за направена измена на договорот, се прави пред крај на договорот на вредноста на сите промени заедно (кога ќе се знае точната вредност на сите дополнителни и непредведени работи како и вредноста на засметани и преостанатите непребиени вишоци) или пак после секоја направена измена (се појавуваат и кусоци)?

Одговор:

Договорот за јавна набавка согласно со член 119 од законот, во текот на неговата важност може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет некој од условите наведени во став 1 точки 1, 2, 3, 4 и 5 од член 119.

Условите за измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност предвидени во точките 2 и 3 од член 119 став (1) од законот, се однесуваат на дополнителните и непредвидените работи, односно на работи кои не биле вклучени во техничката спецификација -предмер пресметката, а кои се јавиле во текот на реализацијата на договорот. При тоа, треба да се води сметка вкупната вредност на измените на договорот за јавна набавка да не надмине 20 % од вредноста на првичниот договор.

Додека, вишоците и кусоците произлегуваат од позиции кои биле предвидени во техничката спецификација, односно предмер пресметката, но во текот на реализацијата на договорот се јавиле одредени позитивни или негативни отстапувања.

Начинот на постапување во случај на вишоци и кусоци треба да биде утврден со договорот за јавна набавка, а во согласност со материјалните прописи и професоналните практики во градежништвото и прописи со кои се уредуваат облигационите односи. Согласно со професоналните практики, вишоците и кусоците меѓусебно се пребиваат и се внесуваат во градежната книга која ја води изведувачот на работите, а се потврдува од страна на надзорниот инженер. И неприбиените вишоци како и дополнителните и непредвидените работи се засметуваат во вредноста од 20%.

Согласно член 119 став (3) од Законот, договорниот орган кој ќе изврши измени на договорот согласно со ставот (1) точки 2 или 3 на овој член објавува известување за измена на договорот за време на неговата важност во рок од десет дена од денот на склучување на договорот за изменување на првичниот договор, за секоја поединечна направена измена. Што значи дека известувањето за направена измена на договорот, НЕ СЕ објавува пред крај на договорот (кога ќе се знае точната вредност на сите дополнителни и непредвидени работи како и вредноста на засметани и преостанатите непребиени вишоци). Имено, согласно член 117 став (2) од законот, договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот, што подразбира и водење на евиденција за не надминување на вредносната рамка определена во ставот (2) од член 119.